РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ
НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ
Број 28 – 2022/3
21 мај 2013 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија на Дваесет и третатта седница одржана на 20 мај 2013 година како заинтересирано работно тело се произнесе по Предлог – законот за заштита од вознемирување на работно место – II читање и по амандманите поднесени по Предлогот.

Во претресот по Предлог – законот за заштита од вознемирување на работно место – II читање и амандманите по Предлогот, присуствуваа: претседателот на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите Лилјана Поповска, членовите на Комисијата: Нада Ципушева, Драган Настески, Весна Пемова, Светлана Мазгаловска – Вучетиќ, Голупчо Ангелов, Станка Анастасова, Дивна Јовковска Ефтимовска и Вјолца Мехмети – Нуредини, замениците членови: Ане Лашкоска, Лилјана Кузмановска, Цветанка Иванова и Бехиџудин Шехаби, пратениците: Билјана Казанџиска, Веле Георгиевски, Јулиета Марку, Хајрие Мисими и Самка Ибраимовски, заменик министерот за труд и социјална политика Ибрахим Ибрахими, претставникот на ССМ, Живко Митревски, на УНАСМ, Дивна Змејковска, како и претставникот на Анти мобинг програмата, Лидија Кекеновска Павиќ.

Заменик министерот за труд и социјална политика, Ибрахим Ибрахими го образложи Предлог – законот за заштита од вознемирување на работно место – II читање, по што истакна дека со оглед на кусиот рок од поднесувањето на амандманите до одржувањето на седницата на Комисијата (поврзано со терминот даден за седница на матичното работно тело), Министерството за труд и социјална политика не било во можност соодветно да ги разгледа и да заземе став по амандманите, поради што ќе се воздржи од дискусија по нив и својот став ќе го изнесе на седницата на матичното работно тело.

Од истите причини дел од пратениците се воздржаа од дискусија, за својот став да го искажат на седицата на матичното работно тело по претходно разгледување на амандманите.

Врз основа на претресот по амандманите Комисијата за еднакви можности на жените и мажите го заседе следниот став:

**Комисијата ги поддржа следниве амандмани**

1. Амандманот на членот 5 став (5) поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/6);
2. Амандманот на членот 5 став (1) поднесен од пратениците Силвана Бонева, Марија Рашковска, Христина Рунчева и Неџати Јакупи, (арх.бр. 07 – 1890/16);
3. Амандманот на членот 5 став (5) поднесен од пратениците Силвана Бонева, Марија Рашковска, Христина Рунчева и Неџати Јакупи, (арх.бр. 07 – 1890/17) (идентичен на амандманот со арх.бр. 07 – 1890/6);
4. Амандманот на членот 22 за додавање на нов став (4) поднесен од пратениците Силвана Бонева, Марија Рашковска, Христина Рунчева и Неџати Јакупи, (арх.бр. 07 – 1890/18).

**Комисијата не ги поддржа следниве амандмани**

1. Амандманот на членот 1 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, (арх.бр. 07 – 1890/2);
2. Амандманот на членот 4 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, (арх.бр. 07 – 1890/3);
3. Амандманот на членот 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/4);
4. Амандманот на членот 5 став (1) поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/5);
5. Амандманот на членот 12 ставовите (2) и (3) поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/7);
6. Амандманот на членот 13 за додавање на нов став (2) поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/8);
7. Амандманот на членот 19 став (3) поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/9);
8. Амандманот на членот 22 став (1) и додавање на нов став (4) поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/10);
9. Амандманот на членот 28 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/11);

10. Амандманот на членот 30 за додавање на нов став (2) поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/12);
11. Амандманот на членот 38 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски, Менде Динески и Станка Анастасова, (арх.бр. 07 – 1890/13);
12. Амандманот на членот 39 за додавање нов член 39-а поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски и Менде Динески, (арх.бр. 07 – 1890/14);
13. Амандманот на членот 33 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Билјана Казанџиска, Радмила Шеќеринска, Самка Ибраимовски и Менде Динески, (арх.бр. 07 – 1890/15);
14. Амандманот на членот 13 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, (арх.бр. 07 – 1890/19);
15. Амандманот на членот 12 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, (арх.бр. 07 – 1890/20);
16. Амандманот на членот 8 став 1 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, (арх.бр. 07 – 1890/21).

**Предлагачот го повлече следниот амандаман**

17. Амандманот на членот 7 став (1) поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, (арх.бр. 07 – 1890/22).

По расправата Комисијата едногласно го проследи Предлог – законот за заштита од вознемирување на работно место – II читање на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија.

Претседател на
Комисијата за еднакви можности на
жените и мажите,
Лилјана Поповска